Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-9424/8
Скопје/Shkup__________година/viti
13-10-2022

Врз основа на член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија број 167/15 – пречистен текст и 27/16, 120/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21 ) и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ 143/19 и 14/20), Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за извршен избор на кандидати по јавен оглас
за вработување на неопределено време на работници -помошно технички лица по оглас број 1/2022 објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на ден 04.10.2022 година

1. За пополнување на слободно работно место КДР0401А03005 Хигиеничар, во Одделението за човечки ресурси и општи работи во Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи – 2 (двајца) извршители, избрани се следните кандидати:
   - Ѓилтен Османовска
   - Сејхане Адемовска

I. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за спроведување на постапка за избор на 2 (двајца) кандидати за вработување на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта формирана со Решение број 04-9424/2 од 30.09.2022 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на неопределено време на работници - помошно технички лица во Јавното претпријатие за државни патишта, по јавниот оглас 1/2022 објавен на ден 04.10.2022 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, спроведе постапка за вработување согласно Законот за работните односи.

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. “Dame Gruev” nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место Хигиеничар – 2 (двајца) извршители, комисијата изврши проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во огласот, проверка на приложените докази кон пријавата, интервју и до Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави конечна ранг листа на кандидати.

Врз основа на наведеното, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата на Јавното претпријатие за државни патишта.

Директор
Ejup Rustemi

Доставено до:
- Одделение за човечки ресурси
- Архива
- Кандидатите

Изработил: Роксанда Јованова
Контролирал: Биљана Цветковиќ
Даниела Тасевски
Одобрил: Сузана Атанасова

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk